Година XI Октомври - Декември 2006 Број 87

МЦМС
Билтен

Истражување

# ВИСОКА ПЕРЦЕПЦИЈА НА „СЕБИЧНОСТ" КАЈ ДРУГИТЕ

**Познавачите на граѓанското општество се припадници на средната класа, т.е. се подобро образовани, живеат во град, вработени се во јавниот сектор, имаат повисоки месечни примања и во просек се помлади, покажа истражувањето**

Македонскиот центар за меѓународна соработка ја промовира публикацијата „Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија", заснована на две анкети со кои беа побарани одговори од граѓаните на овие теми. „Граѓаните имаат најголема доверба во сличните на себе", рече Сашо Клековски, еден од авторите на публикацијата. „Довербата во семејството е 94 %, но таа се намалува со вооппштувањето на категориите. Иако најмалку ѝ верува на државата, македонскиот граѓанин сè уште најмногу очекува од неа", додаде тој. Во солидарноста на граѓаните веруваат само 26,4 % од испитаниците што наметнува заклучок за висока перцепција на „себичност" кај другиот.

„Граѓаните имаат поделена доверба во граѓанските организации, 50,3 % имаат, а 49,7 % немаат", рече Александар Кржаловски, еден од авторите. Сепак, забележително е дека јавноста има позитивно мислење за граѓанските организации. Познавањето е во корелација со профилот на организацијата и секако со социјалните показатели. „Познавачите на граѓанското општество се припадници на средната класа, т.е. се подобро образовани, живеат во град, вработени се во јавниот сектор, имаат повисоки месечни примања и во просек се помлади", вели Сунчица Саздовска, еден од авторите на оваа публикација. Истражувањето покажа дека 83,2 % од граѓаните дарувале во последните 12 месеци, иако бројот на оние што го прават тоа редовно е мал (8,3 %). „Приоритетите на граѓаните за дарување не се смениле во последните 5 години", рече Гонце Јаковлеска, еден од авторите. „И во 2001 и во оваа 2006 година тие најчесто даваат за здравје и здравство, за деца и млади и за хендикепирани лица". Истражувањето покажа дека на граѓаните им е најлесно да даруваат во пари и дека најчесто тоа се износи од 10 до 100 денари. Убедливо најприфатливо за нив е дарувањето да го прават директно и на рака.

Истражувањето е одговор на потребата да се проверат претпоставките и планирањето на идните активности да се заснова на факти. Публикацијата во пдф-формат е достапна на www.mcms.org.mk и на www.graganskisvet,org.mk.



*На промоцијата свои излагања имаа и авторите на публикација "Довербата, одговорноста за општествените прашања и добротворството во Македонија"*

## Во овој број:

- Висока перцепција на „себичност" кај другите
- Голем е јазот помеѓу скопје, урбаните и руралните општини
- Фокус на долгорочниот развој
- Стратегија за соработка со граѓанскиот сектор
- МЦМС се збогува со дел од традиционалните донатори

Промовиран Адресарот на општините во Република Македонија

# ГОЛЕМ Е ЈАЗОТ ПОМЕЃУ СКОПЈЕ, УРБАНИТЕ И РУРАЛНИТЕ ОПШТИНИ

## Буџетите на општините и развојните проекти не водат до социјална кохезија и надминување на јазовите, посебно урбано-руралните, е еден од заклучоците од промоцијата на Адресарот на општините во Република Македонија

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС), заедно со Заедницата на единиците на локалната самоуправа (ЗЕЛС), на 29 ноември оваа година, во 12 часот, во хотелот Холидеј ин во Скопје, го промовира новото издание на Адресарот на општините во Република Македонија.

Новиот Адресар на општините во Република Македонија нуди интересни информации за сите 84 општини и градот Скопје. На 246 страници, освен основните контакти, презентирани се и демографските податоци, структурната поставеност на општината и податоците за институциите што се под ингеренција на општината.

Издавањето на новиот адресар го поздрави г. Зоран Коњановски, министер за локална самоуправа, г. Андреј Петров, претседател на ЗЕЛС, и г. Сашо Клековски, извршен директор на МЦМС. Клековски презентира и дел од информациите што ги опфаќа Адресарот. Според тие информации, големи се јазовите во развојот помеѓу Скопје и другите региони во Македонија, како и помеѓу урбаните и руралните подрачја. Сликата дополнително ја влошува отсуството на стратегија за локален развој, посебно во руралните подрачја.

Ова отсуство само ги продлабочува јазовите. На основа на податоците што ги дале самите општини, главни приоритети за локален економски развој се земјоделството, малото стопанство и комуналната инфраструктура, додека главните стопански гранки се земјоделството, малото стопанство (трговија, текстил) и комуналната инфраструктура.

Според Адресарот, главните еколошки приоритети се управувањето со цврстиот комунален отпад и одведувањето на фекалните отпадни води. „Буџетите на општините и развојните проекти не водат до социјална кохезија и надминување на јазовите, посебно урбано-руралните", рече Клековски во својата презентација, а „високото ниво на развојни проекти, и покрај учеството на Владата, зависи од странска помош", додаде тој.



*Присутните ги поздрави и министерот за локална самоуправа, г. Зоран Коњановски*

Адресарот на општините на Република Македонија е испечатен на македонски, на албански и на англиски јазик и е достапен во печатена и во електронска верзија. Публикацијата чини 300 МКД (со бесплатно ЦД) и е достапна во МЦМС.

МЦМС за ОБСЕ

# ФОКУС НА ДОЛГОРОЧНИОТ РАЗВОЈ

## Тетовски и кумановски граѓански организации ги подобруваа своите вештини и знаења за стратешко планирање

Македонскиот центар за меѓународна соработка за ОБСЕ спроведе серија обуки и работилници кои треба да им овозможат на вкупно 111 претставници на граѓански организации и единици на локалната самоуправа (45 од Тетово и 66 од Куманово) да ги изградат сопствените капацитети за стратешко планирање и да подготват стратегија за своите организации.

Тетово и Куманово, како дел од поранешните кризни региони, се опфатени со активностите на ОБСЕ за градење на довербата.

За натамошно хармонизирање на односите, потребно е заедничко дејствување на различни актери, меѓу кои клучна е улогата на граѓанските организации. И во двете општини постојат граѓански организации кои работат со ентузијазам за решавање на проблемите во заедниците, но потребно им е зајакнување на капацитетите.

„Што се однесува до корисноста, односно применливоста, мислам дека обуката може да се искористи во повеќе сегменти. На лично ниво, за ориентација и самоанализа каде сме и во кој правец се движиме. На професионален план и на планот на граѓанското движење, дали соодветно на нашата мисија и визија се движат и нашите активности,односно нашето дејствување", смета Маргарита Аврамовска, членка на УО на ХЗ „Мајка" од Куманово.

Обуката има за цел да го сврти вниманието на организациите кон променливиот контекст во кој дејствуваат тие, да ја покрене свеста за потребата од стратешко планирање и потребата да се фокусираат на долгорочниот развој на своите организации.


*Обуки во насока на подобрување на вештини и знаења за стратешко планирање*

## Јавна расправа за предлог

# СТРАТЕГИЈА ЗА СОРАБОТКА СО ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

### Граѓанските организации и Владата на Република Македонија разговараа за предлог-стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор

На 30 ноември, оваа година, се одржа јавна расправа за предлог-стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор. На големиот број заинтересирани претставници на граѓанските организации им се обратија г-ѓа



*Претставници на граѓанските организации и Владата на РМ заеднички дискутираа за предлог-стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор*

Даниела Трајановска, генерален секретар на Владата на РМ, и г. Луиџи Сандрин, раководител на Европската агенција за реконструкција. „Свесна за важноста на демократскиот израз, ефикасноста и умешноста на граѓанските организации, во стратегијата Владата ги внесува основите на соработката со граѓанските организации  и се зазема систематски да ги зајакне основните услови за побрз и поефикасен развој на овој сектор", рече во своето обраќање г-ѓа Трајановска.
На јавната расправа зборуваа и Сузана Никодијевиќ-Филиповска, раководител на Секторот за анализа на политики и координација при Владата на РМ, и Елизабета Недановска, раководител на Одделението за соработка со невладините организации во Владата на РМ. „Не постои демократија и национална солидарност без социјален дијалог, функционален систем на претставување на интересите и силно граѓанско општество", рече во своето обраќање г-ѓа Никодијевиќ-Филиповска.
„Изработката на предлог-стратегијата во голем степен беше партиципативна и е резултат на активностите во Проектниот тим на проектот на КАРДС 'Техничка поддршка на Одделението за соработка со граѓанското општество во Владата', што се реализира преку Европската агенција за реконструкција, во соработка меѓу КОВИ (COWI) од Данска, ИНТРАК (INTRAC) од Англија и Македонскиот центар за меѓународна соработка, претставници на релевантните државни институции, како и претставници од граѓанските организации, избрани од Граѓанската платформа на Македонија", додаде таа.
Најзначајната улога на Одделението за соработка со невладините организации е координирањето на реализацијата на стратегијата за соработка со граѓанскиот сектор.
Текстот на предлог-стратегијата го презентира г-ѓа Наташа Габер-Дамјановска. Целиот текст во пдф-формат може да се преземе на www. graganskisvet.org.mk.
Претставниците на граѓанските организации имаа можност по презентацијата да ги кажат своите забелешки и сугестии до тимот што работеше на текстот на стратегијата. Тоа најчесто беа сугестии да се внимава на критериумите за транспарентно финансирање од страна на Владата што е една од компонентите на проекотот за „Техничка поддршка на Владата", но и за поголема вклученост на граѓанските организации во донесувањето на законите кои имаат влијание на нивното функционирање.
Се очекува стратегијата да биде усвоена од страна на Владата до крајот на оваа година.

## 13-та средба на Конзорциумот за Македонија

# МЦМС СЕ ЗБОГУВА СО ДЕЛ ОД ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ ДОНАТОРИ

### Ова беше последниот состанок на Конзорциумот за Македонија, а идната соработка со партнерите ќе се одвива преку билатерални средби

Последниот, 13-ти состанок на Конзорциумот за Македонија, се одржа од 23 до 26 октомври 2006 година во Скопје. На состанокот, чиј домаќин беше МЦМС, присуствуваа и Јорген Томсен од Данската црковна помош, Гре Корнелиус од ИЦЦО од Холандија, Фелицитас Менз од ЕЕД од Германија, Ане Лисе Фосланд од Норвешката црковна помош и Коломбе де Мерсеј од АПРОДЕВ. На состанокот се разговараше за Годишниот извештај за 2005 година, вклучително и Финансискиот извештај, а беа презентирани и извештаите за програмите што завршија на крајот на 2005 година. На состанокот беше презентиран контекстот во којшто дејствуваат МЦМС и граѓанските организации, во Македонија и на Балканот, истражувањето што МЦМС го направи во врска со добротворството, како и новите програми во 2006 година. Беше разгледана и стратешката ориентација 2006-2010 и активностите поврзани со Конзорциумот по 2006 година.
Членовите на Конзорциумот се интересираа за повеќе прашања: какви се искуствата на МЦМС со меѓународните ревизори, како се заштитува преклопувањето на обуките во различните програми, какво е влијанието од обуките за локалните заедници и каде МЦМС ја гледа својата улога во тој сектор во иднина, какви се ефектите од



*Членовите на Конзорциумот за Македонија на последниот состанок во МЦМС*

чиракувањето на младите Роми итн. На средбата членовите на Конзорциумот ги презентираа и своите планови за иднината, како и организациските промени што се случуваат во нивните оргнаизации и како ќе се одрази тоа на Македонија и на регионот.
Имајќи предвид дека ова беше последниот состанок на Конзорциумот за Македонија, идната соработка со партнерите ќе се одвива преку билатерални средби.

Публикации

# ЛУЃЕ ОД ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР

„Ова е последната публикација во низата адресари што ги подготвува МЦМС и ги издава веќе 11 години", рече Сунчица Саздовска на промоцијата на публикацијата. „Освен граѓанските организации и проектите, сега на едно место ги имаме и луѓето кои се вклучени во граѓанските организации и во спроведувањето на нивните проекти".
„Луѓе од граѓанскиот сектор" содржи профили на 71 лидер, активисти, волонтери, обучувачи, консултанти итн. Публикацијата ќе им го олесни пристапот на заинтересираните да ги најдат ресурсните лица од граѓанскиот сектор.




Органи и тела на МЦМС

# УПРАВЕН ОДБОР

Управниот одбор на Македонскиот центар за меѓународна соработка во овој период одржа три седници.
На 10-тата седницата, одржана на 26 октомври 2006 г., УО ги одобри предлог-проектите: „Студија за обврзници како инструмент за финансирање", бр. 06-08 ЛРЗ 401; „Студија за состојбите во руралните фокус-заедници", бр. 06-08 ЛРЗ 402; „Градење капацитети за ЗЕЛС и АДКОМ", бр.06-08 ЛРЗ 202; „Видливост на Граѓанската платформа на Македонија", бр. 06 10 ИГО 504. Исто така, ги верификува за итно одобрување проектите „ЕУ-студиска посета", бр. 06 12 БНТ 104 и „Студиска посета на Северна Ирска", бр. 06 10 МСМ 105. На истата седница беа одобрени завршните извештаи за проектите: „Организациска поддршка на здруженија на борците", бр. 05-13 РПБ 101; „Компјутерски курсеви", бр. 05-13 РПБ 201; „Курсеви по англиски јазик", бр. 05-13 РПБ 202 и „Обука низ работа", бр. 05-13 РПБ 301.
На 11-тата седница, одржана на 16 ноември 2006 г., УО го прифати Извештајот од надворешната оценка и кредитниот рејтинг на МРФП 2006 г. и беа прифатени оптималните варијанти за измени во начинот на управување и раководење со МРФП. Беше одобрена предлог-програмата „Организациски развој на актерите на граѓанското општество 2006-2008" (ОРР), како и проектите: „Студија за транспарентност, одговорност и демократичност на граѓанските организации", бр. 06-10 ИГО 302; „Регионални саеми-форуми", бр. 06-10 ИГО 402 и „Меѓуверски календари", 06-10 МСМ 303.
На 12-тата седница, одржана на 7 декември 2006 г., УО ја прифати Стратегијата на МЦМС: долгорочни определби и насоки за деловен план 2006-2010 година; го одобри Тримесечениот извештај за работа јули-септември 2006 година со финансиски извештај; ја одобри измената на проектот „Мали проектни фондови" бр. 05 12 БНТ 105, како и завршниот извештај за проектот „Согледување на можностите за мобилизација на ресурси", бр. 05 13 КМФ 103.




**Основач и издавач: МЦМС**

- Претседател на Издавачкиот совет: **Зоран Костов**
- Редакција на МЦМС Билтенот: **Сашо Клековски** (главен и одговорен уредник), **Гонце Јаковлеска** (одговорен уредник), **Даниел Медароски** (лектор)
- Дизајн: **КОМА** лаб. - Скопје
- Тираж: 800 примероци
- Печати: Печатница **„Борографика"** - Скопје

Според мислењето на Министерството за култура на Македонија бр. 08/1-4/354 од 21.03.1997 за публикацијата „МЦМС Билтен" се плаќа повластена даночна стапка. ISSN 1409-6072

